**20101713709**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 декември 2010 година.

Бр. 07-5269/1
29 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА**

Член 1

Во Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/2001, 42/2003, 42/2004, 70/2006, 126/2006, 47/2007, 88/2008 и 133/2009), по членот 19 се додава нов член 19-а, кој гласи:

„Член 19-а

Контролата и проверката на функционалните и технички карактеристики на фискалниот систем на опрема ги вршат независни акредитирани правни лица овластени од министерот за финансии, кои ги исполнуваат условите кои се однесуваат на опремата, кадарот, локациските и просторните услови.

Изборот на правното лице од ставот 1 на овој член се врши по претходно објавен јавен повик во најмалку два дневни весници што излегуваат на територијата на Република Македонија и во „Службен весник на Република Македонија”.

Министерот за финансии го пропишува начинот на избор и поблиските услови за овластување на правното лице од ставот 1 на овој член кои се однесуваат на опремата, кадарот, локациските и просторните услови.“

Член 2

Во членот 20-г ставот 1 се менува и гласи:

“За констатирана незаконитост од членот 20-б став 1 на овој закон истовремено со решението за изрекување привремена забрана за вршење дејност, на даночниот обврзник

даночниот контролор ќе му издаде покана за плаќање на глоба утврдена со членот 23-а од овој закон, која даночниот обврзник е должен да ја плати во рок од осум дена од денот на врачувањето на поканата.“

Во ставот 3 зборот „налогот“ се заменува со зборот „поканата“.

Член 3

Во членот 20-ѓ зборот „налогот“ се заменува со зборот „поканата“.

Член 4

Во членот 20-е став 2 зборовите: „член 21“ се заменуваат со зборовите: „член 21-б“.

Член 5

Во членот 20-ж став (1 ) зборовите: „налог за плаќање на глоба во висина од 50% од висината на глобата“ се заменуваат со зборовите: „ќе му издаде покана за плаќање на глоба“, а зборовите: „од доставувањето на налогот“ се заменуваат со зборовите: „од денот на врачувањето на поканата“.

Член 6

Членот 21 се менува и гласи:

”Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночниот обврзник - правно лице за сторен прекршок, ако:

1) на видно место не поставил соопштение со кое го информира купувачот на добро, односно корисникот на услуга за неговата обврска да бара фискална сметка (член 7);

2) не го чува контролниот траг од фискалната сметка во објектот (член 8 став 2);

3) не води книга за дневни финансиски извештаи (член 11 став 4) и

4) не закупи и не регистрира резервна фискална апаратура (член 13).

Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 точки 1, 2 и 3 на овој член.

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 точка 4 на овој член.

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник - физичко лице за прекршокот од ставот (1) од овој член.“

Член 7

По членот 21 се додаваат два нови члена 21-а и 21-б, кои гласат:

„Член 21-а

Глоба во износ од 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночниот обврзник - правно лице за сторен прекршок, ако:

1) издаде сметка која не ги содржи пропишаните елементи (член 5 став 1);

2) не води итна сметководствена книга за извршениот промет на добра, односно на услуга (член 12 став 2) и

3) не ги чува и одржува во исправна состојба фискалните апарати (член 14 став 1).

Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 точка 1 на овој член.

Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 точки 2 и 3 на овој член.

Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник - физичко лице за прекршокот од ставот 1 точка 1 на овој член.

Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник - физичко лице за прекршокот од ставот 1 точки 2 и 3 на овој член.

Член 21-б

Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночниот обврзник - правно лице за сторен прекршок, ако:

1) не воведе и користи одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања (член 2 став 1);

2) не издава фискална сметка за извршениот промет на добра, односно на услуга (член 2);

3) не издава парагон блок за извршениот промет на добра, односно на услуга (член 12 став 2) и

4) не набави одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања (член 2 став 2).

Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на даночен обврзник - физичко лице за прекршокот од ставот 1 на овој член."

Член 8

Во членот 22 став 1 зборовите: „член 21" се заменуваат со зборовите: „член 21-б", а зборовите: „шест месеци до една година" се заменуваат со зборовите: „15 дена".

Во ставот 2 зборовите: „член 21" се заменуваат со зборовите: „член 21-б", а зборовите: „една до три години" се заменуваат со зборовите: „осум дена".

Член 9

Подзаконскиот акт од членот 1 став 3 на овој закон ќе се донесе во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".



www.pravdiko.com